МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16-ѓ ставови (2) и (3) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ КОЛИЧИНИ НА БРАШНО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ СО МЕЛЕЊЕ НА ПЧЕНИЦА, `РЖ И ПЧЕНКА КОИ ГИ ИСПОЛНУВААТ МИНИМАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ, МАКСИМАЛНИТЕ КОЛИЧИНИ НА БРАШНО ПОТРОШЕНИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОДДЕЛНИ ПЕКАРСКИ ПРОИЗВОДИ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОТРОШЕНИТЕ КОЛИЧИНИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните количини на брашно кои може да се добијат со мелење на пченица, `рж и пченка кои ги исполнуваат минималните услови за ставање во промет, максималните количини на брашно потрошени за производство на одделни пекарски производи и начинот на водење на евиденција за потрошените количини.

## Член 2

Поимите употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Минималните количини на брашно се количини кои се добиваат при мелење на 100

килограми пченица, `рж и пченка без количините на трици, уродица и нечистота.

2. Максималната количина на брашно потрошена за производство на одделни пекарски производи (во понатамошниот текст: потрошено брашно) е најголемата количина на брашно која правните и физички лица кои се занимаваат со производство на пекарски производи (во натамошниот текст: производители на пекарски производи), можат да ја потрошат за замесување и посоп. За производите кои не се наведени во овој правилник, во однос на видот или поединачна маса на готовиот производ, потрошеното брашно се смета според сличниот вид на производ, а за различна маса на готовиот производ, сразмерно поединечните маси.

## Член 3

Минималните количини на брашно кои се добиваат со мелење на пченица, `рж и пченка кои ги исполнуваат минималните услови за ставање во промет треба да бидат:

- за пченица 70 килограми,

- за `рж 65 килограми и

- за пченка 45 килограми.

Член 4

За производство на следните видови на пекарски производи можат да се потрошат следните количини на брашно:

| КАТЕГОРИИ НА ПЕКАРСКИ ПРОИЗВОДИ | Максимални потребна количина на брашно за кг готов производ (кг) |
|---|---|
| I Леб и ролати | |
| 1. Леб единствено подготвен со пченично брашно, вода, сол, квасец или маја | |
| а) Пченичен бел леб | 0,87 |
| б) Пченичен полу бел леб | 0,86 |
| 2.Специјални лебови (Pain courant francais, Friss buzakenyer, feher es felbamakeneyerek) | |
| а) Лебови произведени од мешавина на пченично брашно и брашна добиени од останати житарици со или без примена на други суровини освен вода квасец и сол. | 0,80 |
| б) Лебови , произведени од брашна добиени од останати житарици без употреба на пченично брашно со или без примена на други суровини освен вода, квасец и сол | 0,84 |
| в) Двопек и лебни трошки | 1,16 |
| II Фини пекарски производи | |
| 1.Основни видови на пециво (брашно, квасец, сол, вода, зејтин , шеќер) | 0,78 |
| 2.Бурек и останати масни печива | 0,58 |
| 3.Пржено пециво (крофни, пирошки и сл.) | 0,60 |
| 4.Пециво проиведено од лиснато тесто | 0,68 |
| 5.Останати пекарски производи | 0,53 |

**Член 5**

(1) Производителите на пекарски производи водат евиденција за пекарското производство, набавеното и потрошеното брашно.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член се води во електронска и/или во пишана форма во секој производствен објект/погон во кој се одвива производството на пекарските производи.

**Член 6**

Производителите на пекарски производи вршат евидентирање на:

- секој влез на брашно веднаш по приемот на брашното во објектот;

- произведените количини на пекарски производи во претходниот ден и

- деновите кога во објектот/погонот нема производство.

**Член 7**

Производителите на пекарски производи пред почетокот на календарската година ја заверуваат евиденцијата од член 5 на овој правилник со потпис на одговорното лице.

**Член 8**

Производителите на пекарски производи кои сезонски во текот на годината започнале производство ја заверуваат евиденцијата од член 5 на овој правилник со потпис на одговорното лице пред почетокот на производството.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-872/7 Министер за земјоделство,

5 мај 2014 година шумарство и водостопанство, Скопје

Љупчо Димовски, с.р.